## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,23 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Го отворам Првото продолжение на Четиринаестата седница на Собранието на Република Македонија. Пратениците: Стојан Андов, Тито Петковски, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Лилјана Поповска, Андреј Жерновски, Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Јован Манасијевски, Ѓорѓи Оровчанец, Али Ахмети, Теута Арифи, Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Гркова Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува.

**Минуваме на Точка 33 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање, ги повикувам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 55 пратеници, нема доволно за да може полноважно да се гласа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Во моментов се присутни 62 пратеници и може полноважно да се одлучува.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, сите 56 гласаа за, воздржани нема, нема против .

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 56 пратеници, од нив сите 56 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија.

**Минуваме на точка 34 - Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Го повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, сите 59 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

По предлогот на законот вкупно гласаа 59 пратеници, сите 59 гласаа за , нема воздржани, нема против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници пред да продолжиме понатаму со гласањето, за да видиме дали во моментот за време на гласањето имало 61 пратеник.

Во моментот на гласањето имало 65 пратеници.

Продолжуваме понатаму со гласањето.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 17 пратеници, сите 17 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлог на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот , молам да крене?( нема никој)

Дали е некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

На седницата присуствуваа 17 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 17, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата.

Пред да продолжиме понатаму со работа, ја прекинувам седницата и продолжуваме со работа во 12,15 часот. За тоа време би замолил претставникот на Владата со координаторите на пратеничките групи доколку има амандамни за одредени закони да се усогласат. Благодарам

(По паузата)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Од претседателите на пратеничките групи до мене е упатено барање за дополнителни консултации кои што се потребни. Затоа ја прекинувам седницата и продолжуваме со работа во 13,15 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,30 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Предлагам точката 40 да биде пред точката 35, односно Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција да се разгледува пред Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници. Сите 56 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

Вкупно гласаа 56 пратеници, сите 56 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Вкупно во салата има 64 пратеници. Гласањето е полноважно.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Точката 40 доаѓа како точка 35.

**Минуваме на точка 35 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави госпоѓица Ермира Мехмети, повелете.

**Ермира Мехмети:** Ви благодарам господине претседателе.

Накратко сакам да го искажам ставот на Демократската унија за интеграција, на нашата парламентарна група во однос на пренесување на надлежностите на неполициските обврски од Министерството за внатрешни работи во другите институции, во овој случај во Министерството за правда. Овој е еден чекор и постапка кои ги презема Владата, што практично е во согласност со нашите ставови како политичка партија, за да направиме реформи во организациите, структурите и институциите во однос на самото Министерство за внатрешни работи и ние како политичка партија, како парламентарна група во континуитет сме инсистирале институциите, неполициските функции да се пренесуваат од структурите на Министерството за внатрешни работи во други установи и институции и овие измени кои се предлагаат се измени кои за нас претставуваат една заложба, афирмативна заложба. Повторно ќе кажам, за да се реструктуира и реформира функцијата, за да се подобри на крајот на краиштата имиџот кој го создадоа Министерството за внатрешни работи, како институција која издава документи, овој исчекор на самите граѓани ќе им го олесни и ќе

биде поефикасен процесот на поднесување барање и добивање на матични и лични документи. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија  и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на законот вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 20 пратеници, сите 20 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

На седницата присуствуваат 20 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 20 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција.

По барање на координаторите на пратеничките групи, ја прекинувам работата на оваа седница. За текот на продолжението на оваа седница ќе бидете известени дополнително.

Да ве информирам продолжуваме со работа во 15,00 часот со нова Петнаесетта седница.

(Седницата прекина со работа во 13,43 часот)